Врз основа на член 384 и член 390 од Законот за трговски Друштва и член 39 и 40 од Статутот на ГД Гранит АД Скопје, Управниот одбор на ГД „Гранит" АД Скопје објавува

## ПОВИК
## дополнување на дневниот ред за
## Собрание на акционери на Друштвото

По однос на предложениот дневен ред за Собранието на акционери закажано за 26.05.2025 година (понеделник), во Дирекцијата на ГД „Гранит" АД Скопје, ул.Димитрије Чуповски бр.8, Скопје, 3 кат сала за состаноци во 12.00 часот, објавен со Јавен повик на 24.04.2025 година, согласно предлогот за дополнување на дневниот ред доставен од акционери кои поседуваат повеќе од 5% од вкупниот број на акции со право на глас, прилог на овој Повик, се дополнува дневниот ред со нови две точки и тоа:

1. Избор на независен член на Надзорен одбор
2. Предлог одлука за утврдување на месечен паушал надоместок за членовите на Надзорниот одбор.

Врз основа на доставениот Предлог за дополнување на дневниот ред заведен со бр.12-2907 од 29.04.2025 годна, за Собранието за 2025 година, се предлага следниот дополнет со точка 9 и 10 следниот

### Дневен ред

I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ

1. Отварање на Собранието
   -Утврдување кворум (верификација на присутни учесници на Собранието).
2. Избор на Претседавач
   -Избор на записничар и заверувачи на записникот
   -Избор на бројачи на гласови

II. РАБОТЕН ДЕЛ

1. Годишна сметка на ГД „Гранит" АД Скопје за 2024 година

-Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка на ГД „Гранит" АД Скопје за 2024 година;

2.Годишна сметка консолидирана на ГД „Гранит" АД Скопје за 2024 година;

-Предлог одлука за усвојување на консолидираната Годишна сметка на ГД „Гранит"  АД Скопје за 2024 година;

3.Финансиски извештаи за работењето на ГД „Гранит"  АД Скопје во 2024 година;
-Предлог одлука за усвојување на финансиските извештаи на ГД „Гранит"  АД Скопје во 2024 година;

4.Годишен извештај за работењето на ГД „Гранит" АД Скопје во 2024 година
-Предлог одлука за усвојување на Годишен извештај за работењето на ГД „Гранит" АД Скопје во 2024 година;

5.Извештај од извршената ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за ГД „Гранит" АД Скопје за 2024 година, поединечна и консолидирана
-Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршената ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за ГД „Гранит"  АД Скопје за 2024 година;

6.Извештај на Надзорниот одбор за Годишната сметка и финансиските извештаи за 2024 година на ГД „Гранит"  АД Скопје.
-Предлог одлука за усвојување на Извештај на Надзорниот одбор за Годишната сметка и финансиските извештаи за 2024 година на ГД „Гранит"  АД Скопје.

7.Годишен извештај од Службата за внатрешна ревизија за 2024 година
-Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај од Службата за внатрешна ревизија за 2024 година;

8.Предлог одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото.

9.Избор за независен член на Надзорен одбор

10.Предлог одлука за утврдување на месечен паушал-надоместок за членовите на Надзорниот одбор

11. Предлог одлука за распределбата на добивката на ГД „Гранит"  АД Скопје за 2024 година.

12.Предлог одлука за исплата на дивиденда за 2024 година.

13.Предлог одлука за избор на Ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2025 година.

Се повикуват акционерите да го пријават своето учество на Собранието. Правилата за пријава за учество, гласање по пат на полномошник и/или гласање по пат на кореспонденција се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото и тоа на следниот линк: www.granit.com.mk.

Информација за критериумите и членство во Надзорниот одбор е објавена во делот на материјалите за Собрание на акционерите.

Се повикуваат и охрабруваат сите акционери да гласаат по точките на дневен ред, одлуките и материјалите објавени заедно со Јавниот повик, со пополнување на Образец за гласање по пат на коресподенција, кој е објавен на официјалната интернет страница на Друштвото на следниот линк: www.granit.com.mk.

Уредно пополнетиот Образец за гласање со коресподенција, акционерот треба да го достави во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционерот правно лице.

Заедно со пополнетиот образец за гласање со коресподенција, заради потребите на идентификацијата, секој акционер физичко лице е потребно да достави и копија од документ за идентификација (лична карта / патна исправа). Заедно со пополнетиот образец за гласање со коресподенција, заради потребите на идентификацијата, секој акционер правно лице е потребно да достави и копие од важечка тековна состојба за правното лице акционер и копија од документ за идентификација (лична карта / патна исправа) на законскиот застапник на правното лице. Образецот во оригинал заедно со погоре наведените документи за идентификација, со назнака "За Собранието на акционери", мора да бидат примени во седиштето на ГД „Гранит" АД Скопје, адреса ул. Димитрије Чуповски бр. 8, 1000 Скопје најдоцна до 26.05.2025 година до 9,00 часот.

Согласно Законот за заштита од лични податоци, копиите од личните карти на физичките лица акционери и физичките лица управители на правните лица акционери на Друштвото се прибавуваат само со единствена цел за потребите од идентификација на истите. За истото секое физичко лице ќе потпише и изјава со која ќе биде запознат за целта и потребата од прибавување на овие податоци.

Дополнителено, секој акционер може да овласти и свој полномошник со писмено полномошно друго лице да гласа во негово име лично со физичко присуство, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат во оригинал или електронски. Податоци за начинот на испраќање на

известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет-страница на Гранит www.granit.com.mk.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Законот за трговски друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневиот ред и одлуките по точките на дневниот ред.

Акционерите можат да доставaт предлози за вклучување на нови точки на дневниот ред, предлози на одлуки и прашања, најдоцна до 8 дена од денот на објавувањето на јавниот повик, а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на ГД „Гранит" АД Скопје www.granit.com.mk .

Материјалите за Собранието на ГД „Гранит" АД Скопје и дополнителните информации, согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавување на овој повик, секој работен ден во просторите на дирекција на Гранит или на официјалната интернет-страница на Гранит www.granit.com.mk.

Управен одбор на ГД Гранит АД Скопје